РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@aa.mk

INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED

Наш број: 10-1733/ година

Ваш број: Скопје

ПРЕДМЕТ: ОБЈАВА НА ЈАВЕН ОГЛАС

Во прилог доставуваме јавен оглас број **509/2021** за вработување на административни службеници во **Јавно претпријатие Водовод и канализација - Скопје** со барање истиот да биде објавен во Вашиот дневен весник на ден 23.07.2021 година. Огласот да биде објавен во следните димензии: 1/4 страна.

Трошоците за објавување на огласот ги презема Јавно претпријатие Водовод и канализација - Скопје.

ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ,
АГРОН СЕФЕРИ

Изработил: Минире Битиќ
Контролирал/Одобрил: Изабела Младенова Цветковска
Согласен: Димитар Каранфиловски

Доставено до:

- Нова Македонија
- Слободен Печат
- Коха

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 35 од Закон за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18) и Уредбата за спроведување на постапката за вработување на административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/18), а во врска со член 20-г од Закон за вработени во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18) и Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/15), Агенцијата за администрација објавува

ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ – 509/2021

за вработување на 1 јавен службеник од Група I, подгрупа II во Јавно претпријатие Водовод и канализација - Скопје за следните работни места:

1. КДР0101Г01008 Самостоен референт - Технички секретар, Одделение за технички работи и услуги, Сектор експлоатација и одржување на капацитети (ЕОК) — 1 извршител(и)

Општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови:

- ниво на квалификациите V A или ниво на квалификации IV според Македонската рамка на квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку вишо или средно образование
- најмалку 3 (три) години работно искуство во струката

Општи работни компетенции:

- учење и развој
- комуникација
- остварување резултати
- работење со други/тимска работа
- ориентираност кон странките/засегнати страни и
- финансиско управување

Посебни работни компетенции: